Директорот на ЈУ " Центар за социјална работа"-Кратово ,постапувајќи согласно член 212 став 1 став 5 од Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ број 104/219 , 146/19, 275/19,302/20,311/20,163/21,294/21,99/22,236/22и 65/23 ), и член 6 став 2 и став 3 од Закон за вработените во јавниот сектор ( Службен весник на РМ бр 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18, 143/19, 14/20) а во врска со потребата од пополнување на слободни работни места за даватели на јавни услуги во Службата за услуги од социјална заштита при ЈУ Центар за социјална работа-Кратово ја донесе следната:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНА УСТАНОВА
ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА
Бр. 04-133
13.06 2023 год.
КРАТОВО

# О Д Л У К А

## за пополнување на две слободни места за унапредување по пат на објавување на интерен оглас

ЈУ " Центар за социјална работа" – Кратово има потреба од унапредување на **( 2 )извршители**, даватели на јавни услуга во Службата за услуги од социјална заштита,заради пополнување на слободно работно место Самостоен стручен службеник во УСЗ -Правник и Водител на случај во ЦСР – Дип.Социјален работник во Служба за услуги од социјална заштита во ЈУ " Центар за социјална работа"-Кратово.

Пополнувањето на слободните работни места Самостоен стручен службеник во УСЗ-Правник и Водител на случај во ЦСР –Дип. Социјален работник во Службата за услуги од социјална заштита ќе се изврши преку унапредување на двајца ( 2 ) извршители на неопределено работно време по пат на објавување на интерен оглас.

При постапката за унапредување на давателите на јавна услуга во ЈУ Центар за социјална работа – Кратово, ќе се применува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во Република Северна Македонија, односно во единиците на локална самоуправа, без да се нарушат критериумите на стручност и компетентност.

Потребата од унапредување на неопределено време на давателите на услуга Самостоен стручен службеник во УСЗ-Правник и Водител на случај –Дип.Социјален работник во Службата за услуги од социјална заштита при ЈУ Центар за социјална работа – Кратово, ќе се обезбеди со објавување на интерен оглас на Огласната табла на Установата и на интернет страната на ЈУЦСР Кратово.

Одлуката ќе се применува од денот на нејзиното донесување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Директорот на ЈУ Центар за социјална работа – Кратово, постапувајќи согласно своите надлежности и ингеренции утврдени во Законот за социјална заштита и во Статутот на ЈУ Центар за социјална работа – Кратово, како и по добиена согласност за обезбедување на финасиски средства за унапредување на неопределено време од Министерство за финансии, заведена под бр. 18-5895/2 од 25.05.2023 година, а согледувајќи ја потребата од унапредување на неопределено време на двајца (2) извршители даватели на услуга во Службата за услуги од социјална заштита, заради пополнување на слободни работни места Самостоен стручен службеник-Правник и Водител на случај –Дип.Социјален работник во служба за услуги од социјална заштита во ЈУ Центар за социјална работа- Кратово, донесе одлука како во диспозитивот.

Решението да се достави до:
-досие за евиденција
-сметководство
-архива

ЈУ"Центар за социјална работа"-Кратово
Директор
Невенка Јовановска